ГОДИНА 6 БРОЈ 3

# VOX dentarii

ДЕКЕМВРИ 2016

ИНФОРМАТОР НА СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА



## КОМОРАТА ПОДГОТВЕНА ЗА КОМПЈУТЕРСКО ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

ISSN 1857-7814




## Потрошувачки кредит за рефинансирање на сите кредитни обврски во други домашни банки

SILK ROAD BANK

## ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТ ЗА НАБАВКА НА МАТЕРИЈАЛИ И ОПРЕМА

Износ до МКД 900.000 и рок до 120 месеци

Фиксна каматна стапка во текот на првата година

- **МКД 5,50%** - за клиенти со плата во Банката

Променлива каматана стапка за останатиот период

- **МКД 7,35%** за клиенти со плата во Банката*

Надоместоци:

- **0%** провизија за предвремена отплата
- **0 МКД** надомест за обработка на барањето
- **0%** провизија за администрирање

Пример (Септември 2016)

За клиенти со плата во Банката, за кредит од МКД 600,000.00 со рок на отплата од 84 месеци и фиксна к.с. за првата година од 5,50% и променлива к.с. за останатиот период 7,35%, месечниот ануитет за првата година би изнесувал МКД 8,622.00 а месечниот ануитет после првата година би изнесувал МКД 9.086.00. (СВТ) изнесува 7,05%

## ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТ

Износ до МКД 900.000 и рок до 120 месеци

Фиксна каматна стапка во текот на првата година

- **МКД 5,50%** - за клиенти со плата во Банката

Променлива каматана стапка за останатиот период

- **МКД 8,35%** за клиенти со плата во Банката

Надоместоци:

- **0%** провизија за предвремена отплата
- **0 МКД** надомест за обработка на барањето
- **1%** провизија за администрирање**

Пример (Септември 2016)

За клиенти со плата во Банката, за кредит од МКД 600,000.00 со рок на отплата од 84 месеци и фиксна к.с. за првата година од 5,50% и променлива к.с. за останатиот период 8,35%, месечниот ануитет за првата година би изнесувал МКД 8,622.00 а месечниот ануитет после првата година би изнесувал МКД 9.343.00. (СВТ) изнесува 8,14%

## WELCOME СТАНБЕН КРЕДИТ

**Промотивен период до 31.10.2016**

Можност за рефинансирање на кредити од други банки

Износ до ЕУР 150.000 и рок до 360 месеци

Грејс период до година дена

- **ЕУР 2.9%** фиксна за првите три години
- **ЕУР 6,8%** променлива за останатиот период

Надоместоци:

- **0%** провизија за администрирање;
- **0%** за рефинансирање на кредити од други банки
- **0 МКД** надомест за обработка на барањето
- **0 МКД** трошоци за проценка на имот
- трошоци за меница и нотарски трошоци, упис на хипотека и осигурување на имот

## AMERICAN EXPRESS – КРЕДИТНА КАРТИЧКА

- Можност за купување на повеќе од 4.100 продажни места
- Можност за Интернет купување преку Paypal, E-bay итн.
- Пристап до единствената **ТВОЈ БОНУС** програма за поврат на средства од **2,5 % до 15 %** на повеќе од 250 продажни места или преку 100 брендови
- Можност за **Двоен бонус** за новите корисници на Станбените кредити и Орочените депозити
- Минимален месечен износ за отплата 5% од потрошениот износ
- **Без членарина за првата година**
- Бескаматен **грејс период до 50 дена**
- **Плаќање на рати без камата** во Zara, Bershka, Pull & Bear, Stradivarius и Massimo Dutti

За сите дополнителни информации во врска со производите за физички лица на Силк Роуд Банка АД Скопје, можете да нè контактирате во Службата за продажба за производи за население, на телефоните 02/3289 446 и 3203-598 или RetailSales@silkroadbank.com.mk

*за клиентите кои платата ја примат во друга Банка, важат други каматни стапки

**за време на промотивен период провизијата изнесува 0%

**vox dentarii**
Гласило на Стоматолошката комора на Македонија

**Издавачки совет:**
проф. д-р Владимир Поповски
д-р Петре Саздов, д-р Аријан Даци, д-р Милан Камчев, д-р Марија Андоновска, д-р Елена Анѓелеска Пешевска, д-р Лидија Поповска, д-р Благоја Даштевски, д-р Горан Тодоровиќ, д-р Јасна Џајковска, д-р Александар Илиев, д-р Горан Ивановски, д-р Агим Назири

**Главен и одговорен уредник:**
проф. д-р Мирјана Поповска

**Заменици на главниот и одговорен уредник:**
проф.д-р Цена Димова
науч. сораб. д-р Вера Радојкова - Николовска

**Уредувачки одбор:**
д-р Дијана Трелавиќ (Словенија), д-р Сеад Реџепагиќ (БиХ), д-р Наташа Јакоба (Србија) д-р Васка Вандевска-Радуновиќ (Норвешка), д-р Ана Ангелова Волпони (УК), д-р Кристина Попова (Бугарија), д-р Розарка Будина, д-р Чилијана Тоти (Албанија), д-р Владимир Поповски, д-р Даница Поповиќ-Моневска, д-р Лидија Поповска, д-р Недим Касами, д-р Џељаљ Ибраими (Р.Македонија)

**Подготовка, компјутерска и графичка обработка:**
Ристе Недановски, Јасминка М Јанева, Октај Омерагиќ

**Издавач:**
Стоматолошка комора на Македонија
Ул: „Огњан Прица" бр. 1/4-5
1000 Скопје
Тел: 02/ 32 46 851; 32 46 852
факс: 02/ 32 46 850
Жиро - сметка: 300000000477179
Депонент: Комерцијална Банка АД Скопје
ЕДБ: 4030996268633
**www.stomatoloskakomora.org**

Излегува 3 пати годишно во тираж:
3.500 примероци

**Рекламен простор:**
1. Надворешна корица . . . . . . . . . . . . . 500 евр.
2. Прва страница (ЛОГО). . . . . . . . . . . . 400 евр.
3. Втора и претпоследна страница (корица) . . . . . . . . . . . . . . . . 400 евр.
4. Внатрешна страница. . . . . . . . . . . . . 300 евр.
5. Закуп на втора рекламна страна. . . 300 евр.

Плаќањето се врши врз основа на доставени фактури во денарска противредност, според средниот курс на НБРМ на денот на фактурирање.
СКМ не е обврзник за ДДВ.

ДЕКЕМВРИ 2016

# СОДРЖИНА

**6 АКТУЕЛНО**
Комората подготвена за компјутерско полагање на стручниот испит

Национален договор помеѓу СКМ и МСД за членството во FDI

**8 АКТУЕЛНО**
Квалитетот на стручните собири го верификуваат супервизорите

Разгледана можноста за влегување на Стоматолошката комора на Србија во К4

**10 РАЗГОВОР: Д-Р СТЕВО ПОП-РИСТОВ**
Посветеноста и тимската работа се клучот за успехот

**14 СОВРЕМЕНА СТОМАТОЛОГИЈА**
ENDOPILOT - Систем на револуционерна ендодонција

Продолжуваат едукативните активности на најмладите за оралното здравје

**15 СОВРЕМЕНА СТОМАТОЛОГИЈА**
Високо модифицирани полимерни материјали еволутивен чекор во денталната протетиката

**16 СОВРЕМЕНА СТОМАТОЛОГИЈА**
„Competence in Esthetics" како поглед кон иднината на стоматологијата

**20 КСУ**

**22 АПОЛОГИЈА**
Улогата на берберите во забната медицина во Македонија

## СТРУЧНИ И НАУЧНИ ТРУДОВИ

**28 Состојби кои предизвикуваат прекумерно крварење важни за стоматолошката пракса**
И. Муратовска, М. Поповска, А. Атанасовска-Стојановска

**33 Ксеростомијата и нејзиното влијание врз оралното здравје на нашите пациенти**
(практични совети како може да им помогнеме на нашите пациенти)
Ј. Фидоски, А. Стаматоски, М. Кипровски, С. Спасовски

# Високо модифицирани полимерни материјали
## еволутивен чекор во денталната протетиката

Индиректните протетски надоместоци треба да обезбедат висока естетика и функционално интегрирање во оралната средина, а воедно и да се задоволат барањата и потребите на забниот техничар, стоматологот и пациентот.

Безметалните материјали што се користат како градивни при изработката на протетските надоместоци изискуваат одредени услови при формирање на самиот безметален систем, како што е одреден степен на цврстина во релација со индикациите, хемиска стабилност, механичка издржливост и над се висока естетика.

Независно на позитивните естетски и функционални перформанси на цирконијата и керамиката, последните години производителите на дентални материјали демонстрираат еволутивен напредок со синтетизирање на модифицирани полимерни материјали и нивно воведување во заботехничките лаборатории, како градивни, за изработка на протетички надоместоци (Сл. 1).

Модифицираните полимерни материјали според хемиски состав претставуваат PEKK (poly-ether-ketone-ketone) или PEEK (poly-ether-ether-ketone). По препораката на призводителот, но и клиничките и искуствата на забните техничари, може да се користат за изработка на основата на коронките, мостовните конструкции во фронталната и бочната регија, покровни протези преку имплантанти и парцијални скелетирани протези (Сл. 2).

Што се однесува до физичките и механички особини како кршливоста на модифицираните полимери, односно композитните смоли, покажуваат двојно поголема отпорност во споредба со литиум дисиликатната керамика, односно прес-керамиката. Биокомпатибилноста на овај материјал демонстрира десет пати поголема биолошка подносливост од титаниумот и златото и веќе се имплементира и во другите области од медицината, за изработка на вештачки срцеви валвули, р'бетни пршлени и вештачки колкови. Од значаен интерес е да се потенцира дека поседува многу мала специфична тежина и не подлежи на контракција и димензиски варијации, со што се повеќе се имплементира во изработката на мобилни и фиксни дентални протетски надоместоци.

Модифицираните полимери со додавање на различни бои и нијанси, оптимално добиваат колорит и изглед и ги задоволуваат и највисоките естетски критериуми (Сл. 3 и 4), оптичките квалификации, еластичност во дизајнирањето и степен на цврстина и отпорност во функција.






Сл.4 – Естетска имитација на гингивата на мостовна конструкција




Сл. 1 - Модифицирани полимери




Сл. 2 - Еволутивен развој на модифицираните полимерни материјали



Сл.3 - Полимерна основа фасетирана со светлополимеризирачки композит

*Литература*:

1. Burkard H. (2009) Esthetics with Resin Composite: Basics and Techniques, Quintessence Publishing.
2. Burakowski Nohara L: Processing of High Performance Composites Based on Peek by Aqueous Suspension Prepregging. Material Research 2010;13: 245–252
3. Kurtz SM. PEEK Biomaterials Handbook. Waltham, MA: Elsevier Science; 2012:30–31.
4. http://www.bredent.co.uk/downloads/ 2_Bio-HPP_elegance_Hybridabutments_000534GB.pdf
5. http://www.bredent.co.uk/downloads/news/skyline-international-12-12-bredent-uk.pdf

**Даниела Мицковска,
Ивона Ковачевска, Елена Накова,
Павле Апостолоски**